Македонско Геолошко Друштво
ГЕОЛОГ
Бр. 09-7/1
09.07 2025
СКОПЈЕ

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Министерство за енергетика, рударство и минерални суровини
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
Ministria e Energjisë, Minerave dhe Burimeve Minerale
Бр.Nr 02-3014/1
03.07 2025 год.viti
Скопје-Shkup

# МЕМОРАНДУМ ЗА СОРАБОТКА

Склучен во Скопје, на ден 03.07 2025 година помеѓу

***Македонско Геолошко Друштво ГЕОЛОГ, Скопје*** (Во понатамошниот текст: Друштвото), од Скопје,со седиште на ул. „Дрезденска“ бр.52 во Скопје, претставувано од Претседателот на Македонското геолошко друштво - „Геолог“ проф. Д-р Соња Лепиткова и Заменик Претседателот Македонското геолошко друштво - „Геолог“ - Ѓорѓи Димов, и

***Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини,*** со седиште на ул. „Македонија“ бр.27 во Скопје, застапувано од Министерката за енергетика, рударство и минерални суровини Сања Божиновска ( Во понатамошниот текст: (Министерството).

## Член 1
## Цел

Предмет на овој Меморандум претставува соработката помеѓу Министерството и Друштвото (во натамошниот текст: страни потписнички на овој Меморандум), заради реализирање на заеднички активности во насока на **заштита на животната средина, едукација, јавна свест и заеднички активности од општествен интерес** и приближување на стручната геолошка заедница до граѓаните и јавните институции.

Целта на овој Меморандум е воспоставување заедничка рамка за соработка помеѓу Друштвото и Министерството, со цел подобрување на примената на геолошките и рударските практики, унапредување на рударството и управување со минерални ресурси, како и унапредување на заштитата на животната средина во Република Северна Македонија.

Основните цели на оваа соработка се:

- Развој на геолошките истражувања и практики во земјата.
- Развој на на научно-истражувачката дејност во рударството и експлоатацијата на минерални ресурси.
- Унапредување на индустријата и заштитата на животната средина.
- Развој на практики за одржливото користење на природните ресурси.

## Член 2

Со цел да се постигнат заеднички цели, двете страни се согласуваат на следниве области на соработка:

1. **Развој на геолошки и рударски истражувања:**
    - Поддршка на геолошки истражувања: Друштвото ќе помогне во спроведување на геолошки истражувања, изготвување на геолошки карти, анализи на минерални ресурси и хидрогеолошки студии.

- Истражувања за рударство и минерални суровини: Заедничка соработка на истражување на рударските наоѓалишта, проучување на нови технологии за експлоатација и третман на минерални суровини.

2. **Заштита на животната средина во рударството:**
   - Управување со отпад: Развој на стратегии за безбедно складирање и третман на рударски отпад, заштита на подземните води и превенција од еколошки штети.
   - Одржливост: Развој на еколошки прифатливи методи на експлоатација на минерални ресурси, намалување на енергетската потрошувачка и емисиите од рударските активности.
3. **Образование и капацитети:**
   - Образование и стручно усовршување: Организација на обуки, семинари, и работилници за подобрување на стручните знаења на вработените во Министерството, а исто така и на младите кадри во геологијата и рударството.
   - Едукација на јавноста: Подигнување на свеста за важноста на геологијата и рударството преку образовни настани и кампањи, заеднички активности за подигање на јавната свест и застапување за одржливо управување со природните ресурси.
   - Учество во јавни расправи, подготовка на мислења, коментари и анализи за законски и стратешки документи.
4. **Научни и стручни истражувања и публикации:**
   - Научни публикации: Размена на научни истражувања, и истражувачки проекти.
   - Размена на информации: Периодична размена на информации од областа на рударството/ геологијата и животната средина, како и на нови законски и технички стандарди.
5. **Развој на политиките и стратегиите:**
   - Соработка при креирање стратешки планови и законски решенија кои ќе ги поддржат рударскиот и геолошкиот сектор во земјата.
   - Планирање на национални стратегии за рударство, за одржливото управување со минерални ресурси, кои ќе бидат усогласени со европските стандарди и најдобрите меѓународни практики.

**Член 3**

**Начин на реализација**

За да се обезбеди успешна имплементација на заедничките цели, двете страни ќе преземат следниве активности:

- Организирање на средби помеѓу претставниците на Друштвото и Министерството за координација на активностите
- Поставување на годишни цели и мониторинг на резултатите.
- Соработка на заеднички проекти, вклучувајќи и оние кои се финансирани од национални и меѓународни фондови.

- Соработка на заеднички апликации за меѓународни проекти и истражувања.
- Организација на обуки и курсеви за вработените во Министерството за нови технолошки решенија и практики во рударството и геологијата.
- Учество на научни симпозиуми и конференции на кои ќе се презентираат резултати од истражувањата.
- Оценка на резултатите на крајот од секоја година и подготовка на годишни извештаи за напредокот на соработката.
-

Друштвото ќе обезбеди стручна поддршка, обука и искуства во областа на геологијата и рударството и на барање на Министерството ќе организира работни групи со цел решавање на актуелни проблеми.

Друштвото ќе соработува во развој на нови законски и технички решенија.

Министерството ќе соработува во насока на развој на активностите и целите на проекти., како и спроведување на едукативни програми и обуки.

Потписниците се согласуваат меѓусебно да се информираат за сите услови кои се важни за реализацијата на овој Меморандум.

**Член 4**

**Траење на соработката**

Овој Меморандум стапува на сила на денот на потпишувањето и ќе остане во важност на неопределено време.

Содржината на овој Мемornадум може да се менува со писмена согласност на страните потписнички на овој Меморандум.

Секоја страна може да го раскине овој меморандум со писмено известување до другата страна, најмалку 30 дена порано. Овој меморандум не создава правни и финансиски обврски надвор од договорените заложби и активности .

**Член 5**

Овој Меморандум ќе биде потишан во 4 идентични примероци примероци од кои по 2 за двете страни.

**За ДРУШТВОТО,**

Претседател
Проф. Д-р Соња Лепиткова

Заменик претседател
Ѓорѓи Димов

**За МИНИСТЕРСТВОТО**

Сања Божиновска
Министер за енергетика, рударство и минерални суровини